# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МАРТ 2025

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАРТ 2025 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| Говор на омраза поради етничка припадност | 16 |
| Говор на омраза по национална припадност | 13 |
| Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет | 7 |
| Говор на омраза поради пол и род | 4 |
| Говор на омраза поради политичка припадност | 3 |

***На платформата регистрирани се 33 оригинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Во текот на месец март на веб-платформата

**www.govornaomraza.mk**

**33** беа регистрирани вкупно случаи со елементи на говор на омраза, повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување по различни основи.

Овој месец беа забележани

**16 (37%)**

случаи на говор на омраза поради етничка припадност,

**13 (30%)**

случаи врз основа национална припадност,

**7 (16%)**

случаи по основа на сексуална припадност,

**4 (8%)**

случаи се по основа на пол и род,

**3 (6%)**

случаи се по политичко уверување.

Во текот на март продолжи трендот на зголемен број пријави поврзани со националната припадност и етничка припадност и дискурс кој од критика на моменталните случувања во државата преминува во говор на омраза. Покрај меѓусебните навреди и омаловажувања, дополнително за зголемување на говорот на омраза придонесе и прекршувањето на едноминутниот молк за оддавање почит на жртвите од Кочани од страна на навивачката група „Балисти“ на почетокот на фудбалскиот натпреварот Шкендија-Брера во Тетово. Хелсиншки комитет за овој настан поднесе кривична пријава до Министерството за внатрешни работи за предизвикување омраза по етничка припадност.

Овој месец регистриран е вознемирувачки говор на социјалните мрежи поради политичко уверување кон активистите од граѓанското движење ,,Кој е следен“ при објавите за најавувањето на јавните собири и протести по повод трагедијата во Кочани во која животот го загубија 59 лица.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ